Т2

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев 9а 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. ____________________

____________________

Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 86 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје при УКИМ, а во врска со чл. 6, 7, 8 и 9 од Одлуката за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје (Универзитетски гласник бр. 390 од 24.1.2018), Наставно-научниот совет на својата ----- редовна седница, одржана на --.---.2022 година едногласно донесе

**ПРОГРАМА**
За распределба на дел од средствата од партиципација за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје

Член 1

Средствата од остварените приходи од партиципација за студирање што ги стекнува Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје од прв циклус студии за 2022 година (врз основа на податоците од завршната сметка за 2021 година) се предвидуваат во износ од **25.051.192,00** денари.

Средствата во висина од 40%, во вкупен износ од **10.020.476,00** денари ќе се трошат според следниве намени и износи:

1. Поддршка и усовршување на наставниот кадар за научноистражувачка работа **(50%)**

Овие средства се наменети за:
-опрема (компјутер, лап-топ, слушалки и слично) набавена за индивидуалното истражување;
-набавка на стручна литература за лични потреби;
-посета на терен;
-учество на наставниците, соработниците на научни собири во земјата и странство;
-трошоци за набавка на дигитални платформи;
-други расходи.

2. Инвестиции и инвестициско одржување (градежни работи, набавка на мебел, организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер) **(10%)**

Овие средства се наменети за:
-организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер од страна на Факултетот;

-набавка на информатичка технологија;
-опремување на простории за настава, центрите и другите внатрешни организациони единици на Факултетот, библиотеките и друго;
-реконструкција на градежните објекти;
-расходи за одржување;
-други инвестиции и инвестициони активности неопходни за функционирање и развој на Факултетот.

3. Издавачка дејност **(20%)**

Овие средства се наменети за:
-набавка за обновување на библиотечниот фонд на библиотеките на Факултетот;
-трошоци околу издавање факултетски изданија печатени и електронски (тековни, редовни, посетени зборници, годишен зборник, онлајн научно списание на Факултетот и сл.);

4. Студентски активности **(10%)**

Овие средства се наменети за:
-доделување награди за најдобри студенти;
-доделување награди за есеј на тема за наградата „Блаже Конески";
-организирање студентски конференции;
-други активности на Факултетското студентско собрание.

5. Активности за развој, осовременување и унапредување на работата и работниот процес на Стручната и административната служба; **(10%)**

Овие средства се наменети за:
-опремување со современи програми за кадровска евиденција, програма за финансово работење, програма за евиденција на основни средства, амортизација и ревалоризација; готовинска благајна и вирмански налози;
-набавка на информатичка технологија;
-учества на обуки за развој, осовременување и унапредување на работата;
-претплата за стручни списанија;
-претплата на електронски бази на прописи.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Програма се проектирани средства за тековната година. Средствата од член 1 на оваа Програма може да се прелеваат од една во друга намена.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува 2022 година.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 17-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/3 | | |

**До Деканатот на Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески“ – Скопје**

**Предмет:** Предлог за распределба на дел од средствата од партиципацијата на студентите

На состанокот одржан на 15.3.2022 г., Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, ја разгледа предлог-програмата за распределба на дел од средствата од партиципацијата за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ претставена на состанокот на Деканатската управа одржан на 9.3.2022 г.

Катедрата смета дека досегашниот начин на работа на макропроектот и на исплатата, треба да продолжи и понатаму, доколку е тоа можно, односно:

- макропроектот да продолжи да се изведува како и досега, со квартално пресметување на процентот, во зависност од средствата
- сумата од 18 000 ден., наменета за наставниот кадар за учества на конференции, доколку не се искористи, да може да се пренамени за набавка на електронска опрема, пред сè лаптоп-компјутери.

Со почит,

Скопје, 16.3.2022 г.

**проф. д-р Искра Пановска-Димкова,**
раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 29-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/10 | | |

До проф. д-р Анета Дучевска
декан на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески" – Скопје

**Предмет: Одговор од Катедрата за МКЈК во врска со прашањето за начинот на финансирање (поставено на последната седница на Деканатска управа)**

Почитувана деканке,

Ве известуваме дека Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности смета дека **досегашниот начин на финансирање треба да остане ист и дека нема потреба од прераспределба на буџетите по катедри.**

Ви благодариме на соработката,

Со почит,

Скопје, 28.03.2022. проф. д-р Кристина Николовска

Раководител на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 04-04-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/13 | | |


До
Деканатот на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески" – Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор од Катедрата за албански јазик и книжевност за начинот на финансирање и на прашањето за ослободување од школарина на втор и трет циклус студии

Почитувани,

во врска со прашањето за макропроектот, Ве известуваме дека Катедрата за албански јазик и книжевност смета дека треба да се продолжи со досегашниот начин на финансирање.

Во врска со прашањето за ослободување од школарина на втор и трет циклус студии, Катедрата за албански јазик и книжевност смета дека постдипломците и докторандите кои се вработени на нашиот факултет (и соработниците) треба да бидат ослободени 50 % од партиципација за школување, додека лицата со посебни потреби треба да бидат целосно ослободени од плаќање на школарина во вториот и третиот циклус.

Датум:

30 март 2022 година

Раководител на Катедрата за албански јазик и книжевност

проф. д-р Исмет Османи

www.ukim.edu.mk

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**КАТЕДРА ЗА ТУРСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ**

www.flf.ukim.mk

До: ДЕКАНАТОТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКОПЈЕ

Предмет: МАКРО-ПРОЕКТ

Во врска со продолжувањето на макро-проектот што последните четири години се реализираше на Факултетот, Катедрата за турски јазик и книжевност на својата седница одржана на 09.03.2022 едногласно го усвои следниот предлог:

Наместо еден голем макро-проект, секоја Катедра и оддел на Факултетот да предложи свои (макро)проекти со кои би се опфатиле сите области од научно-истражувачката и стручната работа на Факултетот.

На овој начин, сите би работеле на свои проекти со свои наслови.

Додатокот за оваа работа да биде минимум 10% од месечните приходи на вработените и тој процент би бил еднаков (ист) за сите вработени, без разлика на катедрата или одделот.

Значи, различни (макро)проекти за секоја катедра или оддел, но ист додаток за сите.

Со почит,

Скопје,
07.04.2022

Раководител на Катедрата за турски јазик и книжевност

проф. д-р Октај Ахмед

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 07-04-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/14 | | |

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 24-03-2022
Орг. Един.: 02 Број: 503/8 Прилог: Вредност:

**Катедра за романски**
**јазици и книжевности**

**До Деканатската управа**
**и**
**До Деканатот**
**на Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески“ - Скопје**

**предмет: мислење на Катедрата за романски јазици и книжевности во врска со макропроектот „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во служба на современото општество“,чиј носител е Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје.**

Во врска со дискусијата за точка 2 на Деканатската управа од 9 март 2022 г, ве известуваме дека на состанокот од 15. 3.2022 г., членовите на Катедрата за романски јазици и книжевности се изјаснија за продолжување на макропроектот (МП) „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во служба на современото општество“ и за задржување на начинот на којшто се реализираше до сега. По анализата на сработеното во четиригодишниот период од март 2019 г. до денес, членовите на Катедрата заклучија дека работата на овој проект е мотивирачка, а покрај научноистражувачката работа која резултира со објавени зборници со меѓународно учество, се издвоија организирањето на „Деновите на франкофонијата на Филолошкиот факултет Блаже Конески“, целомесечна културно-образовна манифестација што оваа година се одржува по петти пат, како и активностите надвор од наставата по повод Денот на книгата, 23 април, што ги организираат колеги од Групата за шпански јазик и книжевност. Членовите на Катедрата сметаат дека МП може да се работи по Катедри.

Тие се изјаснија и за продолжување на практиката за доделувањето 300 евра во денарска противвредност за учество на наставно-научниот кадар на симпозиуми во земјата и во странство, со можност непотрошените средства да се користат за набавка на информатичка опрема за лични потреби на наставниот кадар.

Бараме овие информации да се стават на увид на Деканатската управа.

Со почит,

Скопје, 23.3.2022 г.

Раководител на Катедрата за романски јазици и книжевности,

И. Бабамова

**проф. д-р Ирина Бабамова**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 23-03-2022
Орг. Един. 02 | Број: 503/7 | Прилог: | Вредност:

ДО ДЕКАНАТОТ НА
ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ
„Блаже Конески"
СКОПЈЕ

Предмет: Став на Катедрата за славистика во врска со доставената Предлог-програма за распределба на дел од средствата од партиципација за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Катедрата за славистика на својот состанок одржан на 17.03.2022 г. дискутираше за претставената Предлог-програма за распределба на дел од средствата од партиципација за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

По долгата дискусија, членовите на Катедрата за славистика се согласија со вториот, односно третиот предлог, според кои макропроектот треба да остане како и досега заедно со 300 евра за конференции кои ако не се потрошат да се префрлат на сметка.

Членовите на Катедрата за славистика се подготвени, како и досега, во рамките на макропроектот да продолжат да работат на проекти од областа на славистиката во различни форми, како работилници и/или промоции во кои активно се вклучени и студентите од Катедрата за славистика.

Со почит.

23.03.2022 г.

Скопје

Раководител на Катедрата за славистика

проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
С К О П Ј Е

| Примено: | 07 -04- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/16 | | |

Катедра за германски
јазик и книжевност
Филолошки факултет
„Блаже Конески"
Скопје

До
Деканатот на
Филолошкиот факултет
„Блаже Конески"
Скопје

Скопје, 22.3.2022

Предмет: Став на Катедрата за германски јазик и книжевност во врска со предлог-програмата на Деканатот за распределба на дел од средствата од партиципацијата за студирање.

Почитувана деканке проф. д-р Дучевска,

Ве известувам дека на последниот состанок на Катедрата за гермнаски јазик и книжевност одржан на 18.3.2022 г. ги запознав членовите на Катедрата со сите аспекти кои произлегоа од последната Деканатска управа одржана на 9.3.2022 г., а особено со новата предлог-програма на Деканатот за распределба на дел од средствата од партиципацијата за студирање со која е предложено укинување на Макро-проектот.

Катедрата заседе едногласен став дека треба да продолжи реализацијата на Макро-проектот за кој вработените на нашиот факултет треба да добиваат хонорар во висина од 10% од нивната плата. Сметаме дека доколку факултетот и натаму ги има на располагање овие средства, во услови на голема економска криза во државата на нашите вработени тие средства им се мошне неопходни.

Исто така Катедрата едногласно заседе став дека треба да се исплаќаат средствата во износ од 300 евра на годишно ниво наменети за конференциски котизации и патувања и за користење на напредната верзија на платформата Зум за онлајн-настава. Катедрата го прифати предлогот на Деканатската управа доколку наставникот не ги искористи овие средства за наведените цели, да може да ги користи за купување на ИТ- опрема и набавка на книги (од сите малопродажни и онлајн книжарници). Меѓутоа, за да нема злоупотреба на овој фонд од 300 евра при рефундирање на дел од средствата за набавка на ИТ-опрема односно лап-топ, предлагаме наставникот да може да ги побара овие средства за купен лап-топ <u>само еднаш во пет години</u> (односно ИТ-експерт да одреди за колкав временски период се амортизира еден лап-топ). Ова конкретно би значело дека наставникот треба да приложи фискална сметка од купениот лап-топ и потоа да му биде рефундиран еден дел од тој износ доколку не ги потроши расположливите 300 евра за други цели, меѓутоа тоа да може да го стори само еднаш во пет години, а тоа е периодот за кој што сметаме дека се амортизира оваа ИТ-опрема.

Друга алтернатива која ја предлагаме е да се испита можноста Факултетот да склучи договор со фирмите кои продаваат ИТ-опрема за вработените на нашиот Факултет да можат во тие продавници да добиваат одреден попуст при купување на ИТ-опрема.

Срдечен поздрав,

проф. д-р Зорица Николовска

*Раководителка на Катедрата за германски јазик и книжевност*

Arhiva FLF <arhiva@flf.ukim.edu.mk>

# Fwd: Продолжување на Макропроектот - Нова програма за распределба на средствата-Изјаснување-Катедра за англиски јазик и книжевност

1 message

**Dekanat Filoloski fakultet** <dekanat@flf.ukim.edu.mk>
To: Arhiva FLF <arhiva@flf.ukim.edu.mk>

Tue, Mar 22, 2022 at 2:07 PM

---------- Forwarded message ---------
From: **Osman Emin** <osmanemin@flf.ukim.edu.mk>
Date: Tue, Mar 22, 2022 at 2:06 PM
Subject: Fwd: Продолжување на Макропроектот - Нова програма за распределба на средствата-Изјаснување-Катедра за англиски јазик и книжевност
To: Dekanat Filoloski fakultet <dekanat@flf.ukim.edu.mk>

Android için Outlook'u edinin

**From:** rajna koska <arielle_mk@yahoo.com>
**Sent:** Monday, March 21, 2022 4:43:36 PM
**To:** aducevska@gmail.com <aducevska@gmail.com>; Osman Emin <osmanemin@flf.ukim.edu.mk>
**Subject:** Продолжување на Макропроектот - Нова програма за распределба на средствата-Изјаснување-Катедра за англиски јазик и книжевност

Почитувана деканке, почитуван продекане,

ве известувам дека во однос на изјаснувањето за продолжувањето на Макропроектот или новата Програма за распределба на дел од средствата од партиципација за студирање, членовите на Катедрата за англиски јазик и книжевност се изјаснија на следниов начин:

Гласале 16 членови на катедрата од вкупно 17 (колешката Ончевска е на породилно отсуство, не се јави за гласање).

ЗА продолжување на Макропроектот гласале 13 членови на катедрата
ЗА новата Програма за распределба на дел од средствата од партиципација за студирање гласал 1 член
ВОЗДРЖАНО гласале 2 членови

Со почит,

проф. д-р Рајна Кошка Хот
раководител на Катедрата за англиски јазик и книжевност

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 13-04-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 02 | 503/17 | | |

Arhiva FLF <arhiva@flf.ukim.edu.mk>

# Предлог за распределба на средствата за капитални инвестиции

1 message

**Vladimir Martinovski** <martinovski@gmail.com> Mon, Mar 21, 2022 at 10:20 AM
To: Dekanat Filoloski fakultet <dekanat@flf.ukim.edu.mk>, Arhiva FLF <arhiva@flf.ukim.edu.mk>, Aneta Ducevska <aducevska@gmail.com>

**До Деканатот на Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески" - Скопје**

**Од Катедрата за општа и компаративна книжевност**

**Предмет:** Предлог за распределба на средствата за капитални инвестиции

Почитувани,

На состанокот оджан на 18 март 2022 година, катедрата за општа и компаративна книжевност го разгледа предлогот за прераспределба на средствата за капитални инвестиции. По исцрпната дискусија, Катедрата ја предлага следнава процентуална (пре)распеделба:

- **50%** да се пласираат за усовршување на наставниот кадар: секој наставник да располага со годишен буџет од **50.000 ден**. за научни патувања, котизации, книги, информатичка опрема, професионален зум...
- **10%** за реновирања, а за оваа ставка да се бара финансирање и од други извори (МОН, Мисија на ЕУ, фондации)
- **20%** за издавачка дејност,
- **10%** за студентски активности,
- **10%** за усовршување на административниот кадар.

Исто така, ја поздравуваме идејата од оваа година ќе се исплаќа регрес од 15.000 ден. (К 15) на крајот од годината, кој, исто така, ќе помогне во услови на актуелната економска криза.

Срдечен поздрав,

проф. д-р Владимир Мартиновски
раководител на катедрата за општа
и компаративна книжевност

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 21-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 02 | 503/4 | | |

До
Деканатот на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“ – Скопје

Од
Катедрата за преведување и толкување
при ФЛФ „Блаже Конески“ - Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговори од Катедрата за ПиТ на прашањето за начинот на финансирање и на прашањето за ослободување од школарина на втор и трет циклус

Почитувана деканке,
Почитувани колеги,

Во врска со прашањето за финансирање после можното затворање на макропроектот, Ве известуваме дека на Катедрата за преведување и толкување **немаше единствено мнозинско мислење** па според тоа, **имаме статус на воздржан/неопределен** во евентуално гласање на ниво на катедра по ова прашање.

Во врска со прашањето за ослободување од школарина на втор и трет циклус студии, Катедрата за преведување и толкување смета дека постдипломците и докторандите кои се вработени на нашиот факултет и лицата со посебни потреби треба да бидат ослободени од 50% од школарината во вториот и третиот циклус;

Датум:
29 март 2022 година

раководител на Катедрата за
преведување и толкување
доц. д-р Владимир Цветкоски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 29-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/12 | | |

**До Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески – Скопје**

**Предмет:**
Во врска со точката ***Донесување Одлука за усвојување на програмата за распределба на дел од средствата за партиципација на трошоците на студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје од прв циклус студии за 2022 годин***а и предлозите што беа дадени на последниата Деканатска Управа

Почитувани,
во врска со точката ***Донесување Одлука за усвојување на програмата за распределба на дел од средствата за партиципација на трошоците на студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје од прв циклус студии за 2022 годин***а и предлозите што беа дадени на последниата Деканатска Управа, Катедрата за италијански јазик и книжевност на последниот состанок на катедрата одржан на 14.03.2022 г. го донесе следното мислење-став:

1) **Да не се укинува Макропроектот,**
2) **Да не се укинуваат 300 евра за учество на симпозиуми.**
3) **Партиципацијата за втор и трет циклус да се намали за 50% за вработени, надворешни соработници од Филолошки факултет „Блаже Конески" и лица со посебни потреби.**

Со почит,

Скопје, 16.3.2022

проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф
Раководител на
Катедрата за италијански јазик и книжевсот

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 503/2 | | |